ЗДРУЖЕНИЕ НА РАКОМЕТНИ КОНТРОЛОРИ И ДЕЛЕГАТИ НА МАКЕДОНИЈА
бул. Кузман Јосифовски Питу бр. 15 - 1000 Скопје

# С Т А Т У Т

**Скопје, 17.05.2025 год.**

Врз основа на членовите 5, 20, 25, 40, 74 и 76 од Законот за здруженија и фондации (Сл. весник на РМ бр. 31/98, 29/07, 52/16.04.2010, и 135/11, членовите 14 и 15 од Законот за спорт Сл. весник на РМ бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 61/16, 106/16, 190/16, 98/19, 244/19, 53/24 и 74/24), и членовите 11, 15, 21 и 34 од Статутот на РФМ, Собранието на Здружението на Контролори и делегати на Македонија на седницата одржана на 17-ти Март 2025 година во Скопје, донесе:

# СТАТУТ

## НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА РАКОМЕТНИ КОНТРОЛОРИ И ДЕЛЕГАТИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1.**

Со овој Статут, во согласност со Законот за здруженија и фондации, Законот за спорт, Статутот на РФМ, ЕХФ и ИХФ, како и други закони и прописи, се уредуваат името и седиштето на Здружението на ракометни контролори и делегати на Република Македонија (во натамошен текст: **ЗРКМ**), целите и задачите на ЗРКМ; здружување во РФМ и меѓународни асоцијации; печатот, штембилот и други обележја; преставување и застапување во правниот промет и спрема трети лица; органите, начинот на нивниот избор, траењето на мандатот на органите и начинот на одлучување на членовите, надлежноста и начинот на работа; стекнување и располагање со имотот и финансирањето, односно трошењето на средствата за вршење на дејноста; надзорот; презентирањето на македонскиот ракомет; функциите и одговорноста за нивното вршење; програмите и плановите за работа; безбедноста; остварување на јавноста во работата; програмите и плановите за работа; признанијата и наградите; статусните промени; услови и начин на пристапување и истапување од здружението на граѓани; престанок на работата на ЗРКМ, постапување со имотот и средствата во случај на престанок на ЗРКМ; како и други прашања утврдени со закон во врска со работата на ЗРКМ.

**Член 2.**

**ЗРКМ е стручно спортско здружение**, настанато со здружување на контролори и делегати, заради остварување и усогласување на поединечните со општите и заедничките интереси во омасовувањето и развојот на ракометниот спорт, како и заради утврдување и изградување на меѓународна програма на ракометната спортска соработка и други програми од заеднички интерес.

**Член 3.**

**ЗРКМ е единствено спортско стручно здружение на ракометни контролори и делегати во Република Македонија во ракометниот спорт.**

ЗРКМ е доброволна, невладина, неполитичка и непрофитна организација заснована на слобода на здружување и е највисоката форма на здружување во Република Македонија во областа на ракометниот спорт.
Членките на ЗРКМ, во лигите или било какви групи или здруженија се подредени на ЗРКМ и не може да делуваат надвор од ЗРКМ.

**ЗРКМ е член на РФМ,** каде што како **професионално стручно спортско здружение** претставува форма на организација со цел остварување на заедничките интереси на членовите (ракометни контролори и делегати) во сите нивни активности на територијата на Република Македонија.
ЗРКМ има статус на правно лице од јавен интерес, со права, обврски и одговорности утврдени со Уставот на РСМ, Закон за спорт и други прописи, овој Статут, како и со Статутот и другите акти на РФМ, ЕХФ и ИХФ. ЗРКМ е основана во правна форма на професионално спортско здружение со цел да врши спортски активности и не може да се трансформира во друг вид правно лице.

**Член 4.**

ЗРКМ има своја жиро сметка во денари преку која работи самостојно, а може да има и девизна жиро сметка преку која ќе работи самостојно.
Начинот на финансирање на ЗРКМ и формата на имотот се дефинирани во овој Статут.
За своите обврски ЗРКМ одговара со својот имот и средства.

**Член 5.**

ЗРКМ не може да врши стопанска дејност.

**Член 6.**

Во ЗРКМ се забранува политичко, верско и религиозно организирање и дејствување. За дејствијата од став 1 дисциплински мерки превземаат и надлежните органи во ЗРКМ. Органите на ЗРКМ се должни да го известат основниот јавен обвинител, доколку се утврди постоење на политичко, верско и религиозно организирање и дејствување во ЗРКМ и нејзините членови, спротивно на Закон.

**Член 7.**

Спорните прашања во врска со учеството на членовите на ЗРКМ во натпреварите и други прашања уредени со актите на ЗРКМ и РФМ, во рамките на утврдената надлежност ги решаваат органите на ЗРКМ и РФМ.

## II. ИМЕ и СЕДИШТЕ на ЗРКМ

**Член 8.**

Името на здружението е: **ЗДРУЖЕНИЕ НА РАКОМЕТНИ КОНТРОЛОРИ И ДЕЛЕГАТИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (скратено име: ЗРКМ)**
Името во меѓународна комуникација е: **ASSOCIATION OF HANDBALL DELEGATES AND REFEREE OBSERVERS OF THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA (AHDOM)**

**Член 9.**

Седиштето на ЗРКМ е во Скопје, на Бул. Кузман Јосифовски - Питу бр. 15,

## III. ЦЕЛИ и ЗАДАЧИ на ЗРКМ

**Член 10.**

ЗРКМ, во статутарно, програмски и со други документи заокружен и насочен систем:
1. превзема соодветни мерки за промоција и афирмација на ракометот, особено меѓу деца и млади;
2. превзема мерки за развој и поттикнување на масовноста на контролорите и делегатите;
3. утврдува водење на евиденција заради организирано следење и унапредување на состојбите и развојот на контролорите во ракометниот спорт;
4. промовира ракомет во Република Македонија во духот на мир, разбирање и фер игра, без било какви дискриминации по однос на политика, пол, религија, расна и етничка припадност;
5. создава услови за стручно оспособување и развој на контролорите и делегати:
6. застапување за подобрување на статусот на контролорите и делегатите во рамките на РФМ;
7. потикнува спортските активности во реализирање на програмата на ЗРКМ како и активноста на децата и младината во рамките на ЗРКМ;
8. ги почитува и штити интересите на секој член на ЗРКМ и решава спорови меѓу нив;
9. го потикнува и унапредува ракометниот спорт;
10. реализира утврдени програми во врска со развојот на ракометниот спорт;
11. носител е на усогласувањето на програмските активности на ракометните контролори и делегати;
12. се грижи за здравствена заштита и контрола, здравствен преглед на членовите на ЗРКМ;
13. се грижи за Конвенцијата за антидопинг контрола во Република Македонија, обезбедува доследна примена на правилата и прописите на ракометната игра од страна на членовите на ЗРКМ;

14. го утврдува статусот на контролорите и делегатите согласно со прописите на ИХФ, ЕХФ, РФМ, овој Статут и другите акти и прописи на ЗРКМ;
15. работи на унапредување на контролорскиот и делегатскиот кадар преку организирање и учество на семинари и советувања.
16. врз основа на пријава за запишување, ЗРКМ води регистар на членови и евиденција на членовите на органите (согласно член 27 од Законот за здруженија и фондации - Сл. Весник на РМ бр. 52 од 16.04.2010 год);
17. ЗРКМ има даночни и царински олеснувања во согласнот со Закон за донации од ЕХФ и ИХФ, врши и други работи и задачи што произлегуваат од Законот за спортот, Законот за здруженија и фондации, другите Закони и прописи, овој Статут и другите акти на РФМ, ЕХФ и ИХФ.

## IV. ПЕЧАТ, ШТЕМБИЛ и ДРУГИ ОБЕЛЕЖЈА

### Член 11.

**Печатот** на ЗРКМ е во тркалезна форма, во која е испишан текстот: ЗДРУЖЕНИЕ НА РАКОМЕТНИ КОНТРОЛОРИ И ДЕЛЕГАТИ НА МАКЕДОНИЈА - Скопје.

**Штембилот** на ЗРКМ има правоаголен облик и на него во првиот ред е испишан текстот: ЗДРУЖЕНИЕ НА РАКОМЕТНИ КОНТРОЛОРИ И ДЕЛЕГАТИ НА МАКЕДОНИЈА, во вториот ред е испишана содржината: Број________, во третиот ред е испишана содржината_________20__год., а во четвртиот ред е испишан зборот Скопје.

## V. ЗРКМ има АМБЛЕМ и ЗНАМЕ

### Член 12.

Амблемот на ЗРКМ е во црвена боја со жолт повес, а во него: знаме на Република Македонија во горниот дел, назив: Здружение на ракометни контролори и делегати на Македонија во жолта боја на средината на амблемот и со знак на записничка маса на која е поставена ракометна топка.

Знамето на ЗРКМ е во правоаголна форма, основата на знамето е во бела боја на кое е преставен амблемот на ЗРКМ.

Димензиите на знамето е 400 см х 200 см, 200 см х 100 см. или 160 см х 80 см.

## VI. ЧЛЕНСТВО и ДЕЛУВАЊЕ во ЗРКМ:

### Член 13.

Членството во ЗРКМ е отворено.
Зачленувањето во ЗРКМ е на доброволна основа под услови предвидени со овој Статут:
- Член може да биде граѓанин на Република Македонија;
- Членството се потврдува со поднесено барање - потпишана пристапница за членство во ЗРКМ и плаќање на такса членарина во ЗРКМ во пропишан рок од страна на ЗРКМ;
- Членството се ЗРКМ се остварува со стекнување на една од категориите КОНТРОЛОР или ДЕЛЕГАТ;
- Одлука за прием на членството донесува УО на ЗРКМ по претходно разгледување на барањето на членот;
- Членувањето започнува по приемот во ЗРКМ и издавање на легитимација за контролори/ делегати;
- Секој член на ЗРКМ има легитимација на контролор/делегат со број кој е заведен во Регистарот на членови, која се издава по одобрувањето на УО за зачленување и добивање на статус Контролор или Делегат;

- Ракометен судија од меѓународна категорија, по завршување на судиската кариера, со поднесување на пријава за членство - пристапница, по автоматизам станува член на ЗРКМ, и постанува контролор на листа на највисоката лига во Република Македонија;
- За сите прашања значајни за ЗРКМ, за неговата работа и унапредување на ракометниот спорт, членовите одлучуваат непосредно или преку органи и комисии во кои се избрани. Работата на сите органи и комисии се одвива во склад со јавното работење и лична одговорност;
- ЗРКМ за своите членови води регистар на членство кој се ажурира еднаш годишно;
- Сите членови во рамките на ЗРКМ се должни да се спротивстават на секаков вид злоупотреба, малтретирање, дискриминација и насилство врз децата, борбата против лажирањето и допингот во спортот.
- Секој член на ЗРКМ има право на надомест на штета претрпена како резултат на дискриминација, во согласност со Законот.
- Сите членови се должни да обезбедат занимавањето со спорт да биде хумано, слободно и доброволно, здраво и безбедно, во согласност со природната и социјалната средина, фер, толерантно, етички прифатливо, одговорно, независно од злоупотреби и цели што се спротивни на духот на спортот и достапно за сите граѓани под еднакви услови без оглед на возраста, нивото на физички способности, степенот на можна попреченост, полот и другите лични карактеристики.
- Секој член може доброволно да истапи од ЗРКМ.
- Членството престанува согласно законската регулатива.

**Член 14.**

Во ЗРКМ како единствено национално стручно здружение на ракометни контролори и делегати за подрачјето на Република Македонија, се здружуваат сите контролори и делегати кои, согласно овој Статут, се здружени во регионални ракометни контролорски зборови. За да функционира како регионален збор мора да има најмалку 5 члена.

**Член 15.**

- Секој член на ЗРКМ има легитимација на контролор или делегат со број кој е заведен во Регистарот на членови, која се издава по одобрувањето на УО за зачленување и добивање на статус Контролор или Делегат;
- За сите прашања значајни за ЗРКМ, за неговата работа и унапредување на ракометниот спорт, членовите одлучуваат непосредно или преку органи и комисии во кои се избрани. Работата на сите органи и комисии се одвива во склад со јавното работење и лична одговорност;

**Член 16.**

Членки на ЗРКМ се: **КОНТРОЛОРИ и ДЕЛЕГАТИ** со потпишана молба за прием-пристапница. За зачленување во ЗРКСМ, потребно е да се исполнат следните критериуми:

1. **<u>КОНТРОЛОРИ:</u>**

**Контролор е стручно лице (поранешен ракометен судија) кое обавува функција на натпревар делегиран од страна на РФМ, ЕХФ или ИХФ како контролор или специјален наблудувач на дерби натпревари и натпревари од висок ризик.**
- За да се добие легитимација контролор, кандидатот претходно мора да има ракометен судиски стаж кој ќе го докаже со приложување на потврда од судискиот збор каде членувал и потврда од РФМ дека истиот бил како контролор на листите на судии на РФМ;
- Без потврда не може да се стекне со лиценца КОНТРОЛОР;
- Меѓународен судија по завршување на судиската кариера, веднаш станува контролор на највисоката листа на контролори во Република Македонија;
- Секој Контролор е должен да ги знае меѓународните правила на ракометна игра и со успех да го положи теоретскиот тест за добивање на лиценца за тековната натпреварувачка сезона;
- Секој Контролор треба да добие позитивно мислење од страна на УО на ЗРКМ за професионално и коректно обавување на функцијата контролор (за правење на контроли во претстојната сезона);

- Секој Контролор е должен на натпревар да ги спроведува правилата на ракометна игра и максимално професионално и коректно да се однесува према сите учесници;
- Секој Контролор е должен по натпревар да даде свое видување и оцена на натпреварот за судискиот пар со давање на ИЗЈАВА и КОНТРОЛА ЗА НАТПРЕВАР (оценка за судискиот пар) која ја доставува до комисија за натпреварување на РФМ и ЗРКМ;
- Контролорот ја обавува функцијата контролор во куп натпреварите на Република Македонија на тие натпревари на која листа ја обавува функција контролор во натпреварувачката сезона;
- Контролор кој е на листа на контролори, нема право да работи во клуб, поради можноста од директно влијание и исход на одреден натпревар (не може да биде на листа на контролор во лига во која се натпреварува клубот);
- Доколку Контролор биде казнет или стори прекршок на Статутот на ЗРКМ, Уставот на РСМ и Законите на Република Македонија му се одзема лиценцата или се враќа на претходното ниво на листите, или трајно се отстранува од ЗРКМ во зависност од делото кое го има сторено;
- Контролор може да се стане по прекин на судиската кариера, а престанува со наполнување на 70 години старост (доколку нема друга одлука од страна на РФМ, EHF или IHF). Членовите кој се избрани во комисии на ЕХФ или ИХФ, функцијата ја обавуваат до нивното завршување.

**2. ДЕЛЕГАТИ:**

- за Делегат може да биде избран само член со посебни спортски достигнувања во ракометот;
- Истакнат спортски работник;
- Делегат кој не бил активен судија, НЕ МОЖЕ ДА СТАНЕ КОНТРОЛОР, ИСТИОТ НЕМА ПРАВО ДА ПРАВИ КОНТРОЛА НА РАКОМЕТЕН НАТПРЕВАР (да дава оценка на судии);
- Делегатот во принцип ќе биде делегиран како делегат само во младински категории (пионери/ки, кадети/ки и младинци/ки, со исклучок доколку нема слободен контролор од тој регион);
- Доколку Делегат биде казнет или стори прекршок на Статутот на ЗРКМ, Уставот на РСМ и Законите на Република Македонија му се одзема лиценцата се казнува или трајно се отстранува од ЗРКМ во зависност од тежината на прекршокот кој го има сторено.

## VII. ОРГАНИ на ЗРКМ, НАЧИН на ИЗБОР и НАДЛЕЖНОСТ

**Член 17.**

**Органи на ЗРКМ се:**

1. Собрание
2. Управен одбор
3. Надзорна комисија

### 1. СОБРАНИЕ на ЗРКМ

**Член 18.**

**Собранието на ЗРКМ е највисок орган на ЗРКМ.**

Собранието на ЗРКМ го сочинуваат сите членови кои имаат стекнато звање контролор или делегат и кои се наоѓаат на листа на контролори и делегати во натпреварувачката сезона за тековната година во согласност со овој Статут.

**Контролор или делегат кој нема подмирено такса за членарина во ЗРКМ за тековната сезона во пропишаниот рок, нема право на глас во собранието на ЗРКМ, како и ново пријавените членови (право на глас стекнуваат по верификација на приемот на Собранието на ЗРКМ).**

Органите на ЗРКМ и членовите во органите на ЗРКМ своите права и должности ги остваруваат и ги вршат врз основа на Закон, овој Статут и другите акти на ЗРКМ.

Мандатот на делегатот почнува да тече со верификација на истиот од страна на Верификационата комисија.

**На Делегатот на Собранието мандатот му престанува:**

- ако поднесе оставка;

- ако биде отповикан, односно заменет од органите на неговото здружение со нов претставник;
- во случај на смрт;
- ако со правосилна одлука на надлежниот дисциплински орган му биде изречена мерка забрана на вршење функции во спортот.

**Член 19.**

**Собранието на ЗРКМ е највисок орган на ЗРКМ.**

**<u>Собранието на ЗРКМ:</u>**

- донесува Статут, програма и други акти;
- усвојува годишен извештај, насоки и план за работа;
- усвојува финансиски план и програма;
- избира комисии и други тела за работа на Собранието:

| | |
|---|---|
| 1. Работно претседателство | - 3 члена |
| 2. Записничар; | - 1 член |
| 3. Оверувачи на Записникот; | - 2 члена |
| 4. Верификациона комисија; | - 3 члена |
| 5. Кандидациона комисија; | - 3 члена |
| 6. Комисија за броење на гласови; | - 3 члена |
| 7. Комисија за спроведување на избори | - 3 члена |

- избира и други комисии и други тела, за прашања од негова надлежност;
- избира органи на здружението;
- избира Претседател на Собранието, кој истовремено е и претседател на УО на ЗРКМ, кој добива мандаторско право да формира листа на кандидати за УО на ЗРКМ од членовите на Собранието;
- Во случај на престанок на мандатот на Претседателот, до изборот на нов Претседател, функцијата Претседател ја врши Потпретседателот како вршител на должноста Претседател (не повеќе од 6 месеци);
- го разрешува Претседателот на Собранието - УО;
- ја усвојува листата на членови за УО на ЗРКМ по предлог на мандаторот;
- донесува одлуки за здружување во ЗРКМ или раздружување од други спортски асоциации и за зачленување во меѓународни асоцијации;
- констатира прием на нови членови и престанок на членување по предлог на УО на ЗРКМ;
- избира Надзорна комисија на ЗРКМ;
- одлучува за признанија и награди;
- донесува одлуки, програми, правилници, упатства, заклучоци и други акти;
- дава афтентични толкувања на одлуките кои ги донесува за нивната практична примена;
- донесува Деловник за работа на Собранието;
- одлучува по молби и жалби за вонредното ублажување на казни на контролори и делегати;
- ги разгледува извештаите за работа на органите и телата што ги избира;
- донесува одлуки за вкупното располагање со средствата и нивното оттуѓување според условите утврдени со Закон;
- усвојува развојна програма за 4 години;
- разгледува и усвојува извештај од активноста на УО на ЗРКМ;
- донесува одлука со 2/3 мнозинство за престанок на работата на ЗРКМ;
- дава автентично толкување на одредбите на актите што ги донесува;
- врши и други работи во согласност со Статутот и општите акти на ЗРКМ;
- врши и други работи во согласност со Статутот на РФМ, Законот за спорт на Република Македонија и Законот на Здруженија и фондации;

**<u>Работа на собранието на ЗРКМ</u>**

**Член 20.**

Седниците на Собранието ги свикува Претседателот на Собранието.

Седница на Собранието може да се свика по потреба, а најмалку еднаш годишно со Предлог - дневен ред кој се доставува до претставниците во Собранието на ЗРКМ во рок од 8 до 14 дена пред одржување на Седницата на Собранието.
Претседателот на ЗРКМ има право во случај на потреба да го свика собранието итно и во пократок рок, а итноста да ја образложи на самата седница на Собранието на ЗРКМ.
Претседателот мора да закаже седница на Собранието и по барање на:
- Управниот одбор на ЗРКМ, или
- Писмено барање од 1/3 од вкупниот број на членови на ЗРКМ.
Подносителот на барањето за закажување на седница на Собранието, предлага дневен ред и целокупниот материјал го доставува до претседателот на ЗРКМ. Претседателот на ЗРКМ мора да закаже седница на Собранието во рок од 14 дена. Седницата мора да се одржи најдоцна во рок од 30 дена. Доколку претседателот не свика седница во рок од 14 дена, седницата на Собранието ја свикуваат иницијаторите. Целокупниот материјал за седницата се доставува во рок од 8 до 14 дена до делегатите на Собранието.
Доколку прашањето за кое е свикана и одржана седница на Собранието на барање на иницијаторите се однесува на доверба на претседателот на ЗРКМ или на избор на органи на ЗРКМ, такво прашање не може да се постави најмалку за период од 6 (шест) месеци.

**Член 21.**

Изборот за Претседател мора да се објави најдоцна 60 дена пред истекот на мандатот за кој биле избрани, и на кои им престанува мандатот.
Во случај на предвремен престанок на мандатот на Претседателот на ЗРКМ, по било кој основ, изборот на нов Претседател се врши најдоцна во рок од 6 месеци.
Од денот на распишување на изборите, до денот на одржување на редовните избори не може да помине повеќе од 60 дена, ниту помалку од 30 дена.

**Член 22.**

Собранието работи на седници.
Бројот на преставниците што го сочинуваат Собранието на ЗРКМ го утврдува Собранието на ЗРКМ, по предлог на УО на ЗРКМ, на почеток на седница на Собранието.

Собранието може да работи ако на него присуствуваат мнозинство од вкупниот број делегати на Собранието (повеќе од половината од вкупниот број делегати на Собранието).

Секој делегат на Собранието има право на 1 (еден) глас.
Собранието, по правило, одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните делегати.
Собранието со квалификувано 2/3 мнозинство на гласовите од вкупниот број на преставниците во Собранието донесува одлука за престанок на ЗРКМ.

**Член 23.**

На Собранието се одлучува со јавно гласање.
Гласањето може да биде и тајно, ако така одлучи Собранието, по предлог на претседателот или делегат што ќе го подржат најмалку 1/3 од присутните делегати на Собранието.
Предлогот за тајно гласање се смета за прифатен доколку за него се изјасниле еден повеќе од 1/2 од присатните делегати.
Усвојувањето на листата на кандидатите за членови на Управниот одбор на ЗРКМ, Собранието го врши со јавно гласање.

**Член 24.**

**<u>ПРЕТСЕДАТЕЛ на ЗРКМ</u>**

Собранието од редот на делегатите избира Претседател на ЗРКМ со мнозинство гласови од вкупниот број присутни делегати во Собранието.
Претседателот на Собранието се избира со мандат за време од 4 (четири) години.

Истиот може да биде избран најмногу два мандати последователно, а може повторно да биде избран по истекот на временскиот период од најмалку еден полн мандат.
Доколку во моментот на престанување на мандатот на Претседателот, сметката на ЗРКМ биде блокирана најмалку 30 (триесет) дена, Претседателот чиј мандат престанува не може да биде повторно кандидат и биран.
Предлог за избор на Претседател можат да поднесат најмалку 1/3 од присутните делегати во Собранието.
Изборот на Претседател на ЗРКМ се врши со тајно гласање.
Гласањето може да биде и јавно, ако така одлучи Собранието, по предлог на делегат што ќе го подржат најмалку 1/3 од присутните делегати на Собранието.
Предлогот за јавно гласање се смета за прифатен доколку за него се изјасниле еден повеќе од 1/2 од присатните делегати.

**Член 25.**

Претседателот на Собранието, по функција е и Претседател на Управниот одбор на ЗРКМ.
Претседателот на Собранието и на УО на ЗРКМ ги има и следните права и должности:

- го претставува и застапува ЗРКМ во земјата и странство;
- го предлага составот на УО на ЗРКМ;
- раководи со ЗРКМ и врши контрола на доследната примена на Статутот и актите на Собранието и Управниот одбор и во врска со тоа предлага и превзема соодветни мерки во согласност со актите на ЗРКМ;
- ги свикува и раководи со седниците на Собранието и Управниот одбор на ЗРКМ, предлага дневен ред, определува место и датум на одржување на седниците;
- ги потпишува записниците од седниците на УО, сите донесени акти и одлуки што ги донесува Собранието и Управниот одбор на ЗРКМ;
- ги задржува од извршување актите на органите и телата за кои смета дека се донесени спротивно на Закон или друг пропис, за што го известува Собранието и УО на ЗРКМ и истите им ги доставува на повторно или конечно одлучување;
- наредбодател е за извршување и реализација на финансискиот план на ЗРКМ;
- превзема мерки и во соработка со други органи обезбедува услови за регуларност во ракометното натпреварување на домашна и меѓународна сцена;
- за својата работа е одговорен пред Собранието на ЗРКМ;
- врши и други активности утврдени со овој Статут и други општи акти на ЗРКМ, како и активности за кои донело одлука Собранието на ЗРКМ.

**Член 26.**

**<u>ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ на ЗРКМ:</u>**

Собранието по предлог на Претседателот на ЗРКМ, од редот на делегатите избира Потпретседател на ЗРКМ со мнозинство гласови од вкупниот број делегати во Собранието. Потпретседателот на Собранието се избира за време од 4 (четири) години. Изборот на Потпретседател на ЗРКМ се врши со јавно гласање. Гласањето може да биде и тајно, ако така одлучи Собранието, по предлог на делегат што ќе го подржат најмалку 1/3 од присутните делегати на Собранието. Предлогот за јавно гласање се смета за прифатен доколку за него се изјасниле повеќе од еден од 1/2 од присатните делегати. Потпретседател на Собранието, по функција е и потпретседател на УО на ЗРКМ. Во случај на отсуство на Претседателот, функцијата ја врши Потпретседателот; Во случај на престанок на мандатот на Претседателот, до изборот на нов Претседател, функцијата Претседател на ЗРКМ ја врши Потпретседателот како вршител на должноста Претседател (но не повеќе од 6 месеци);

**Член 27.**

**<u>УПРАВЕН ОДБОР на ЗРКМ:</u>**

**Управниот одбор е извршен орган на Собранието и ЗРКМ и брои од 9 до 11 члена**.
Бројот на членовите на Управниот Одбор се одредува по предлог на мандаторот, а со одлука на Собранието на ЗРКМ.
Мандатот на претседателот, потпретседателот, членовите на УО на ЗРКМ трае 4 (четири) години.

Правата и должностите на членовите на УО на ЗРКМ се определуваат со Деловникот за работа на УО на ЗРКМ.

**Член 28.**

Во случај на евидентна неактивност на член на УО на ЗРКМ, или поднесување на оставка на член на УО, на предлог на Претседателот на ЗРКМ, Управниот одбор може да назначи нов член на УО на ЗРКМ, кој се вклучува активно во работа на УО на ЗРКМ. На првото наредно Собрание на предлог на Претседателот на ЗРКМ одлуката на УО се верификува.

**Член 29.**

**Управниот одбор на ЗРКМ:**

- ги подготвува седниците на Собранието;
- ги извршува и спроведува одлуките, ставовите и заклучоците на Собранието;
- утврдува предлог, измени и дополнувања на Статутот на ЗРКМ, и на други општи акти;
- усвојува нормативни акти во рамките на своите надлежности;
- донесува одлуки за висината на членарината и утврдува предлози за финансискиот извештај и финансискиот план на ЗРКМ;
- усвојува календар за одржување на семинари и лиценци за натпреварувачката сезона;
- организира испити за звање ракометни контролори и делегати на национално ниво;
- го одредува методот и начинот на контролирање на судиите, и донесува соодветни упатства и одлуки во врска со тоа прашање;
- организира стручно усовршување и проверка на знаењето на ракометни контролори и делегати;
- усвојува листи на контролори и делегати за сите нивоа и возрасни категории за натпреварите во ракометните лиги и **ги доставува на верификација до УО на РФМ**. УО на РФМ треба да ги верификува или врати на повторно усвојување, **но нема право УО на РФМ да ги менува и дополнува;**
- на барање на РФМ, предлага членови за натпреварувачка комисија и другите тела на РФМ;
- Формира работни тела и повремени комисии кои не се во надлежност на Собранието и именува нивни претседатели и членови;
- управува и одговара за управувањето со имотот на ЗРКМ;
- донесува одлуки за награди и признанија на членовите на ЗРКМ кој завршуваат со кариерата;
- донесува одлуки за патни и други трошоци за службени патувања за учество на семинари и состаноци на УО на ЗРКМ;
- именува и разрешува секретар на УО на ЗРКМ;
- ги утврдува кандидатите за избор во тела и организации во кои ЗРКМ е конститутивен член;
- врши избор на свои преставници - 3 делегати на Собрание на РФМ (согласно Статутот на РФМ);
- презема мерки за спречување на допинг, насилство и недолично однесување и лажирање со спортски резултати;
- донесува одлуки и други акти за организација и работа на ЗРКМ;
- формира и распушта стални и повремени комисии како помошни тела на УО на ЗРКМ;
- ги разгледува извештаите на постојаните и повремените комисии;
- покренува и изнесува актуелни прашања во врска со ракометниот спорт пред УО на РФМ, како и други органи и организации во Република Македонија;
- преку своите комисии по потреба издава службен билтен и други публикации, како и измени и дополнувања на Правилата на ракометна игра, препораки поврзани со правилата на ракометната игра, сè според материјалот на IHF и во соработка со РФМ;
- ги поништува, укинува или враќа на повторно разгледување, одлуките и решенијата на своите комисии и тела, доколку утврди дека тие се во спротивност со Статутот и другите акти на ЗРКМ и донесува конечна одлука по определени прашања (заштита на законитоста);
- врши контрола на ракометните натпревари на првенства во сите степени на натпреварување;
- покренува постапка пред своите комисии за одговорност и разрешување на своjте членови;
- поднесува извештај за својата работа на Собранието на ЗРКМ;

- донесува одлука за пренесување на определени овластувања од негова надлежност на свои комисии, и сл., како и за одземање на истите;
- донесува и други одлуки што ќе произлезат од тековното работење;
- утврдува критериуми за стекнување категорија контролор во РФМ;
- донесува одлука и врши пријавување на контролори во РФМ, регионалните лиги, ЕХФ и ИХФ;
- донесува Деловник за работа на УО на ЗРКМ;
- донесува Кодекс на однесување за членовите на ЗРКМ;
- дава автентично толкување на одредби на актите што ги донесува и
- врши и други работи утврдени со овој Статут и другите акти на ЗРКМ.

**Член 30.**

Управниот одбор се состанува по потреба и работи на седници.

Управниот одбор може да работи ако на него присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број членови на УО на ЗРКМ.

Управниот одбор за својата работа му одговара на Собранието на ЗРКМ. Секој претставник на УО на ЗРКМ има право на 1 (еден) глас. Седниците на УО на ЗРКМ ги свикува Претседателот на УО на ЗРКМ по сопствена иницијатива и раководи со нивната работа. Седница на УО на ЗРКМ се свикува по потреба, со покана и Предлог - дневен ред кои се доставуваат до членовите на УО на ЗРКМ во рок од 5 дена пред нејзиното одржување.

Доколку има итност за донесување на Одлука, согласно член 3 точка 11 "Одлучување без присуство" од Законот за здруженија и фондации (Сл. Весник на РМ бр. 52 од 16.04.2010 год), преставува начин преку кој членовите на УО на ЗРКМ може да се изјаснат и донесат валидна одлука, без одржување на седница, а преку телефонска конференција или електронска пошта се консултираат со Претседателот. Одлуката мора да се верификува на првата наредна редовна седница на УО на ЗРКМ.

Претседателот на ЗРКМ има право во случај на потреба да го свика УО на ЗРКМ итно и во пократок рок, а итноста да ја образложи на самата седница на УО на ЗРКМ.

**Член 31.**

УО на ЗРКМ одлучува со мнозинство гласови од присутните членови.

Гласањето на УО на ЗРКМ, по правило е јавно, доколку по предлог на претседателот или по барање на некој од членовите кого ќе го подржат најмалку 1/3 од присутните членови може да биде и тајно.

Гласањето може да биде и со поединечно изјаснување (со прозивка) ако така предложи претседателот или член што ќе го подржат најмалку 1/3 од членовите на УО на ЗРКМ.

Член на УО на ЗРКМ се изема од гласање за прашања поврзани со него во втор степен.

**Член 32.**

Членовите на УО на ЗРКМ остваруваат контрола на работењето, користењето и располагањето со средствата на ЗРКМ, преку органите на управување, на начин утврден со овој Статут.

**Член 33.**

Заради извршување на статутарните и програмски задачи и Одлуките на Собранието и Управниот одбор, Управниот одбор на ЗРКМ формира:

**<u>Постојани тела на УО на ЗРКМ:</u>**

- Комисија за стручни прашања и лиценцирање;
- Комисија за нормативни акти;
- Комисија за безбедност;
- Дисциплинска комисија;
- Комисија за награди и признанија;
- Комисија за маркетинг;

Формирањето на комисиите и телата, нивната надлежност и овластувања, составот, траењето на мандатот и начинот на нивната работа и одлучување, поблиску се утврдуваат со деловник за работа на УО на ЗРКМ или со одлуки на УО на ЗРКМ.

**Член 34.**

## VIII. НАДЗОРНА КОМИСИЈА

Надзорната комисија ја бира Собранието на ЗРКМ и се состои од 3 (три) члена. Членовите на Надзорната комисија на првата седница од своите редови избираат Претседател.
Членовите на Надзорната комисија не можат истовремено да бидат членови и на други органи на ЗРКМ. Мандатот на членовите трае 4 (четири) години.

**Член 35.**

Надзорната комисија работи на седници.
Надзорната комисија:
- врши надзор над правилното спроведување и примената на одредбите на Статутот и другите акти на ЗРКМ што се однесуваат само на материјално - финасиското работење, односно на контролата за наменското користење и располагање со средствата и приходите на ЗРКМ;
- предлага мерки за спречување и отстранување на неправилностите во работата на органите и телата на ЗРКМ од аспект на материјално - финансиското работење;
- во определени случаи, му предлага на Собранието ангажирање на независно ревизорско тело;
- и врши и други работи и презема мерки што се во делокруг на нивната работа.

**Член 36.**

Надзорната комисија за целокупната своја работа му поднесува извештај на Собранието најмалку еднаш годишно. Доколку оцени дека од надлежноста на УО на ЗРКМ е предмет на комисијата, го известува за донесување на одредени одлуки и заклучоци.
За наодите и констатираните појави, Надзорната комисија укажува на органите и телата во чија работа истите се констатирани, а ако неправилностите правовремено не бидат остранети, за тоа го известува Собранието на ЗРКМ.

**Член 37.**

Органите на ЗРКМ се должни на Надзорната комисија да и ги стават на увид сите документи и податоци и да создадат услови за непречено запознавање со релевантни факти значајни за донесување на конкретна одлука.

## IX. СРЕДСТВА ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ НА ЗРКМ

**Член 38.**

Изворот на финасии на ЗРКМ се: членарина, организирање на семинари и лиценци, средства од Министерство за спорт, РФМ или дотации од соодветни здруженија, доброволни прилози од друштва и од поединци, спонзорирање и друго. ЗРКМ може да добива средства и од буџетот на единиците на локалната самоуправа кои што ги преставува Законот.
ЗРКМ со своето работење може да стекне предмети, парични средства и имотни права.
Како непрофитабилно здружение, евентуалната добивка ја вложува во развој и спроведување на своите програмски цели на ЗРКМ.
Средствата ќе се користат согласно целите и задачите на овој Статут.

## X. ПРОГРАМА И ПЛАНОВИ ЗА РАБОТА НА ЗРКМ

**Член 39.**

Целите и задачите на ЗРКМ се реализираат со програмите и плановите за работа што ги донесуваат Собранието на ЗРКМ и другите органи и тела на ЗРКМ.

## XI. БЕЗБЕДНОСТ ВО ЗРКМ

**Член 40.**

Безбедноста во ЗРКМ се остварува согласно на законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортски терени во РС Македонија, законот за безбедност, прописите на ЕХФ, ИХФ и актите донесени од органите на РФМ.

За прашањата на безбедноста, ЗРКМ именува комисија.
Прашањата во врска со безбедноста на ЗРКМ и на ракометните натпревари, се утврдуваат со акти на ЗРКМ и акти донесени од органите на РФМ.

## XII. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА НА ЗРКМ

**Член 41.**

Работата на ЗРКМ и неговите органи и работни тела е јавна.
Седниците на сите органи и работни тела на ЗРКМ се отворени за јавноста. Транспарентноста на работата се обезбедува во согласност со овој Статут и Законот.
Може да постојат исклучителни ограничувања поради барањата на државните органи.

**Член 42.**

Јавноста во работата на ЗРКМ се обезбедува преку своја интернет страница и преку интернет страницата на РФМ www.macedoniahandball.com.mk на која се објавуваат официјалните билтени и одлуки на телата на РФМ од натпреварите во кои учествуваат членовите на ЗРКМ.

**Член 43.**

Претставниците на средствата за јавно информирање можат да присуствуваат на седниците на Собранието и на другите органи и тела на ЗРКМ, по покана на Претседателот на ЗРКМ.
Кога на седниците на органите и телата на ЗРКМ, се разгледуваат прашања кои претставуваат службена или друг вид тајна, јавноста е исклучена.

## XIII. ПРИЗНАНИЈА и НАГРАДИ

**Член 44.**

Членовите - делегати-контролори може да се наградуваат за извонреден придонес во извршувањето на поставените задачи и постигнати резултати на полето на организирање и унапредување на ракометот во РС Македонија.

**Член 45.**

Наградите и признанијата се во вид на:
- Трофеи
- Сувенири
- Признанија
- Парични награди

**Член 46.**

Начинот на доделувањето на признанијата и наградите се уредуваат со посебен правилник на УО на ЗРКМ.

## XIV. СЛУЖБЕН ИНФОРМАТИВЕН БИЛТЕН на ЗРКМ

**Член 47.**

Со цел за обезбедување јавност во работата и навремено информирање на членовите за сите значајни прашања, за остварување на целите и задачите, ЗРКМ издадава службен билтен од своите тела и комисии кој го објавува на својата интернет страница.

Во билтенот посебно се информираат членовите за извештајот на комисијата за стручни прашања и лиценцирање, како и одлуки и решенија за членовите кои добиле право да бидат на листата на контролори и делегати – лиценца за претсојната натпреварувачка сезона.

## XV. ОГРАНОЦИ НА ЗРКМ

**Член 48.**

Собранието или Управниот Одбор на ЗРКМ можат да донесат одлука за формирање ограноци (делегатско-контролорски зборови) во други места во РС Македонија каде ќе се јави потреба.

## XVI. ПРЕСТАНОК со РАБОТА на ЗРКМ

**Член 49.**

**ЗРКМ престанува да работи:**

- Со одлука на Собранието на ЗРКМ донесена од 2/3 мнозинство од вкупниот број на преставници на Собранието на ЗРКМ;
- Ако настанат причини утврдени со членот 63 од Законот за здруженија и фондации (сл. Весник на РМ бр.52/2010).

Во случај на престанок на ЗРКМ, имотот на ЗРКМ се пренесува со одлука на Собранието на спортска асоцијација која ќе ја одреди Собранието.

## XVII. ПРЕОДНИ и ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 50.**

Членките на ЗРКМ должни се во рок од 6 месеци по донесувањето на овој Статут да ги усогласат своите Статути, со овој Статут, и да извршат пререгистрација во Регистарот, а по еден примерок да достават до ЗРКМ.

**Член 51.**

Другите акти на ЗРКМ ќе се усогласат со одредбите од овој Статут во рок од 6 (шест) месеци од денот на неговото влегување во сила.

**Член 52.**

Право на толкување на овој Статут има Собранието на ЗРКМ, а помеѓу две седници на Собранието Управниот одбор на ЗРКМ.

**Член 53.**

Измени и дополнувања на овој статут се вршат на начин и по постапка како и за неговото донесување.

**Член 54.**

Овој Статут, влегува во сила со денот на негово донесување на 17.05.2025 год. во Скопје, а престанува да важи Статутот донесен на 29.06.2011 година.

Скопје, 17.05.2025 год.

**Здружение на ракометни контролори и делегати**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Марјан Начевски**

Здружение на ракометни контролори на РМ • СКОПЈЕ